РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1
Примено: 22. 09. 2011

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 07 | 3575/1 | | |

Архивски знак: 0705
Рок на чување: ТРАЈНО
22.09. 2011 год.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11 ), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **виолина** за деветгодишното основно музичко и балетско образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ВИОЛИНА

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2011

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се запознае со правилната постава на лева рака во трета позиција;
- да се запознае со тоновите во трета позиција;
- да се запознае со премините од прва во трета позиција и обратно, преку празна жица и премин со ист прст;
- да ги утврди основните штрихови : деташе и легато;
- да се запознае со штрихот мартеле;
- да прави комбинација на штриховите на скала и вежби;
- да ги утврди сите интервалски односи во прва и трета позиција: полистепен и цел степен, терца, кварта;
- да ја развива артикулацијата на левата рака преку скали и вежби;
- да се запознае со покрупните музички форми: кончертино, сонатина, варијации;
- да развива способност за свирење мелодии и песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија
- да распознава темпо и промена на темпо;
- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да развива способност за следење на интонацијата од инструментот;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
- да развива чувство за музичка изразност;
- да стекнува умеење да следи ритам;
- да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: МЕЛОДИКА И ТЕХНИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката: | | | |
| -да ја развива артикулацијата на левата рака; | | | Технички вежби за артикулација на левата рака во скала и вежби. |
| -да ја изучува и утврдува третата позиција; | Правилно поставување на левата рака во трета позиција | Трета позиција | Преку скали и вежби да се утврди местоположбата на левата рака во трета позиција. |
| -да ја приспособува левата рака за правилно поставување во трета позиција; | | | |
| - да прави разлика помеѓу првата и третата позиција; | | Прва позиција | Технички вежби за премин со празна жица, како и премин од прва во трета позиција со ист прст. |
| -да се приспособува за премин помеѓу првата и третата позиција преку празна жица и премин со ист прст; | | Вибрато | Демонстрирање на вибрато и негово изучување. На почеток виолината се става на ѕид ( без гудало ) и со прстите од левата рака се вибрира со секој прст поединечно. Се објаснува за видови на вибрато:<br>• вибрато од рака;<br>• вибрато од прст;<br>• виврато од китка. |
| - да изучува нови изразни средства при интерпретација ВИБРАТО; | Свирење на скали во две октави во комбинација со зададените штрихови во цели ноти, половини, четвртини и шеснаестини | Штрихови<br>Деташе<br>Легато<br>Мартеле | Легато во цели ноти (4 удари) на сите |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **виолина** за деветгодишното основно музичко и балетско образование.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

# ВИОЛИНА

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Скопје, 2011

## ВОВЕД

Целта на наставата по виолина е на учениците да им се развие љубов кон инструментот и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Учениците се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за изведување на музичките дела и се оспособуваат за самостојна работа на инструментот виолина. Наставната програма за виолина е да се оспособи ученикот технички да го совлада инструментот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и да се изгради во добар сестран уметник.

Наставата се изведува индивидуално. На крајот на учебната година секој ученик полага годишен испит.

- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.
- **Статус на предметот: задолжителен.**

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се запознае со правилната постава на лева рака во трета позиција;
- да се запознае со тоновите во трета позиција;
- да се запознае со премините од прва во трета позиција и обратно, преку празна жица и премин со ист прст;
- да ги утврди основните штрихови : деташе и легато;
- да се запознае со штрихот мартеле;
- да прави комбинација на штриховите на скала и вежби;
- да ги утврди сите интервалски односи во прва и трета позиција: полистепен и цел степен, терца, кварта;
- да ја развива артикулацијата на левата рака преку скали и вежби;
- да се запознае со покрупните музички форми: кончертино, сонатина, варијации;
- да развива способност за свирење мелодии и песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија
- да распознава темпо и промена на темпо;
- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да развива способност за следење на интонацијата од инструментот;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
- да развива чувство за музичка изразност;
- да стекнува умеење да следи ритам;
- да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: МЕЛОДИКА И ТЕХНИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката: | | | |
| -да ја развива артикулацијата на левата рака; | | | Технички вежби за артикулација на левата рака во скала и вежби. |
| -да ја изучува и утврдува третата позиција;<br><br>-да ја приспособува левата рака за правилно поставување во трета позиција; | Правилно поставување на левата рака во трета позиција | Трета позиција | Преку скали и вежби да се утврди местоположбата на левата рака во трета позиција. |
| - да прави разлика помеѓу првата и третата позиција;<br><br>-да се приспособува за премин помеѓу првата и третата позиција преку празна жица и премин со ист прст; | | Прва позиција | Технички вежби за премин со празна жица, како и премин од прва во трета позиција со ист прст. |
| - да изучува нови изразни средства при интерпретација ВИБРАТО; | | Вибрато | Демонстрирање на вибрато и негово изучување. На почеток виолината се става на ѕид ( без гудало ) и со прстите од левата рака се вибрира со секој прст поединечно. Се објаснува за видови на вибрато:<br>• вибрато од рака;<br>• вибрато од прст;<br>• виврато од китка. |
| | Свирење на скали во две октави во комбинација со зададените штрихови во цели ноти, половини, четвртини и шеснаестини ноти. | Штрихови<br>Деташе<br>Легато<br>Мартеле | Легато во цели ноти (4 удари) на сите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги усовршува и комбинира штриховите легато и деташе, како и да се запознава со штрихот МАРТЕЛЕ; | | | жици и легато од сол жица до ми жица и назад.<br>Мартеле со контакт од жабица и врв. |
| - правилно да го користи целото гудало, долна и горна половина, средина на гудалото во комбинација со зададените штрихови, како во прва, така и во трета позиција ( паралелно користење на гудалото до кобилица);<br><br>- да се оспособува за меморирање на нотниот текст;<br><br>- да развива способност за прецизно интонирање;<br><br>- да изучување покрупни музички форми: кончертино, сонатина, варијации;<br><br>- да развива чувство за формалната структура на изведуваните дела ( да прави разлика помеѓу покрупна музичка форма (кончертино: сонатина, варијации) од помала музичка форма (песна, пиеса); | Свирење и слушање на покрупни музички форми<br><br>Свирење и слушање композиции со примена на динамичко нијансирање:<br>пијано – форте; форте – пијано, мецо форте, мецо пијано | Цело гудало<br>Долна половина<br>Долна половина<br>Средина на гудало<br>Етиди (вежби)<br>Кобилица<br><br>Кончертино<br>Сонатина<br>Варијации<br><br>Песна<br>Пиеса<br><br>**P** – пијано ( тивко )<br>**F** – форте (силно )<br>**Cressendo** (од потивко кон посилно)<br>**Decressendo** (од посилно кон потивко)<br>**Mecco forte** | Преку скали и етиди ( вежби) да се усовршуваат зададените штрихови и нивните комбинации.<br><br>Слушање и воочување на кончертино, сонатина и варијации, како и на помали музички форми.<br><br>Да се демонстрира динамичко нијансирање преку зададените композиции.<br><br>Воочување на јачината во музиката преку слушање музика, пеење и свирење. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да развива чувство за динамичко нијансирање (контраст меѓу пијано и форте); | | **Mecco piano** | |
| - да развива чувство за промени на темпо; | | **RITTENUTO** – ритенуто ( успорување )<br>**POCO A POCO** – поко а поко ( постепено )<br>**ACCELERANDO** – ачелерандо ( убрзување ) | Преку слушање на музика да знае да го препознава темпото, како и промената на темпото. |
| - да се запознава со музичките ознаки за темпо; | | **ADAGIO** – адаџо ( бавно )<br>**ALLEGRETO** – алегро ( умерено брзо )<br>**ALLEGRO** – алегро ( брзо )<br>**PRESTO** – престо ( најбрзо ) | |
| - да препознава и усовршува свирење со повишувалки, снижувалки и разрешувалки;<br>- да дискутира за музичката писменост;<br>- да демонстрира свирење на скали во прва – трета позиција со трозвуци во цели, половини, четвртини и шеснаестини ноти;<br>- да демонстрира свирење на комбинирани штрихови;<br>- да користи елементи на правилна интерпретација при свирење на вежби и композиции; | Свирење на вежби и композиции со повишувалки,снижувалки и разрешувалки.<br><br>Свирење на скали ( A – dur,<br>D –dur, C –dur, c- moll,<br>d –moll, g –moll ) | Повишувалки<br>Снижувалки<br>Разрешувалки | Посетување на јавни часови и концерти на ученици, како и други манифестации;<br>Дискутирање за стекнатите впечатоци;<br>воочување на карактерот на композицијата;<br>воочување на темпото;<br>воочување на промена на темпото;<br>динамичко нијансирање. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ја разбира содржината и карактерот на композицијата;<br>-да објаснува за знаците за повторување;<br>-да развива внатрешен слух;<br>- да ги применува сите цели и полустепени во прва и трета позиција;<br>- да развива чувство за заедничко музицирање ( со пијано придружба);<br>- да развива чувство за свирење во групи (камерно музицирање и оркестарско музицирање );<br>- да свири во дуо, трио, квартет. | Свирење со пијано придружба<br><br>Објаснување за разликата помеѓу камерно и оркестарско музицирање | Пијано придружба (корепетиција)<br><br>Камерно музицирање<br>Оркестарско музицирање<br><br>Дуо<br>Трио<br>Квартет | Слушање музика со пијано придружба (корепетиција).<br><br>Слушање музика со камерни состави.<br>Слушање оркестарска музика.<br><br>Свирење во еден од следниве состави:<br>Дуо, трио или квартет. |

| ТЕМА: РИТМИКА | | | |
|---|---|---|---|
| ЦЕЛИ | СОДРЖИНИ | ПОИМИ | АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ |
| Ученикот/ ученичката:<br>- да развива чувство за ритам;<br>- да се приспособува да применува рамномерна пулсација;<br>- да покажува правилно броење и тактирање ;<br>- да развива чувство за дволелност и триделност;<br>- да разликува дводелен од триделен метар;<br><br>- да развива различно траење на тоновите во музиката; | Рамномерна пулсација дводелност (еден – два)<br>троделност (еден-два-три)<br><br>Траење на тоновите и паузите | Цела нота<br>Половина нота | Свирење на цели, половини, четвртини и шеснаестини ноти .<br>Свирење на вежби со комбинации од различни нотни вредности, при што треба да се внимава на правилната распределба на гудалото.<br>Свирење на шеснаестини ноти на различни делови на гудалото.<br>Совладување на нотните вресности и паузи преку слики и апликации. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги препознава нотните вредности и вредностите на паузите, како и нивната употреба; | Нотни вредности | Половина со точка<br>Четвртина нота<br>Четвртина со точка<br>Осмина нота<br>Осмина со точка<br>Шеснаестина нота<br>Паузи | Воочување на тактот врз основа на зададениот материјал со тактирање.<br>Читање на зададениот материјал. |
| - да препознава тактови; | 2 / 4 такт<br>3 / 4 такт<br>4 / 4 такт<br>6 / 4 такт | Такт | Слушање (свирење) на македонски фолклор со неправилна ритмика . |
| - да препознавање неправилен ритам; | 5 / 8 такт<br>7 / 8 такт | Неправилен ритам | Тактирање со парлато на неправилен ритам. |
| - да се приспособува за ритмичко читање на нотниот текст. | Ритмичко читање на нотен текст ПАРЛАТО | Парлато | |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Со оглед на возраста на учениците, часот по виолина треба да вклучува различни видови на музички активности. Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од класична музика, композиции за деца , кончертино, сонатина, варијации, музика од други стилови и жанрови) и снимена, за воочуваање на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини. Учениците треба да се навикнуваат на свирење по ноти со почитување на сите ознаки (темпо , динамика), со израз и правилно фразирање и чувство за ритам. За посликовито претставување на висината на тоновите и нивното прецизно интонирање, да се применува пеење на нотниот текст. Се препорачува посета на концерти во текот на целата учебна година, како и слушање на разновидна музика, а особено на композициите кои ќе се исполнуваат.

- **Наставни средства:**
  - музички инструмент – виолина;
  - учебници: Д. Марковиќ, Родионов, Сузуки, Ј. Јорданова или слични почетни школи по избор на наставникот;
  - аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
  - дидактички средства и материјали;
  - Интернет, образовни софтвери.

## 4. МИНИМАЛЕН ОБЕМ НА ГРАДИВОТО КОЕ УЧЕНИКОТ ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ ТРЕБА ДА ГО СОВЛАДА ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА:

- 6 – 8 дурски и молски скали со трозвуци во две октави во прва – трета позиција;
- 10 – 15 етиди ( вежби ) во прва и трета позиција;
- 1 – 2 дела во голема форма (кончертино,сонатина, варијации);
- 6 – 8 композиции, пиеси (песни ).

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста на музичкото изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа.

- При следењето на постигањата на учениците, наставникот особено треба да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете. Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот на годината се организира јавен час отворен за родителите и другите наставници на кој учениците ќе имаат можност да ги претстават активностите застапени во текот на учебната година и своите постигања. Оценувањето е описно во текот на наставната година, а на крајот од учебната година се изведува бројчана оценка.

На крајот на учебната година ученикот полага испит со следната испитна програма :

- **Скала во две октави и два тrозвука ( деташе , легато , мартеле или комбинација ) во I – III позиција**
- **Две етиди со различен карактер ;**
- **Кончертино ( сонатина или варијации )**
- **Една композиција( пиеса ) по избор на наставникот.**

**Учениците кај кои наставникот проценил вонреден талент, музикалност и способност, може да свират испитна програма предвидена за повисоките одделенија.**

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно – образовната работа во втора година може да ја изведува лице кое завршило:

- Факултет за музичка уметност,студиска програма виолина и стекнат назив дипломиран виолинист;
- Факултет за музичка уметност,студиска програма виола и стекнат назив дипломиран виолист.

**Изготвил:** работна група,
координатор м-р Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје

## 7. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по виолина за деветгодишното основно музичко образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4432/66
19.02 2011 год.
СКОПЈЕ

на ден ______________

Скопје

Министер,

______________

м-р Панче Кралев